ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP
бр. 02-1090/9-1
24.08.2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18; и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20 В.Д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 1. Сектор за поддршка на директорот, потточка 1.1.Одделение за координација, организација и односи со јавност се додава ново работно место под реден број „38-а Советник за координација и организација" кое гласи:

| **1.Сектор за поддршка на Директорот** | |
|---|---|
| **1.1. Одделение за координација, организација и односи со јавност** | |
| Реден број и шифра | **38-а. КДР0102В01092** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | **Советник за координација и организација** |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи во организирање, координирање и планирање на работата на директорот. |
| Работни задачи | - Самостојно ги извршува најсложените работи и задачи кои се однесуваат на претставки, предлози и барања доставени од граѓани до директорот;<br>- Ги организира протоколаните и работните средби и состаноци на директорот на претпријатието;<br>- Се грижи за спроведувањето на одлуките и заклучоците од состаноците и колегиумите, како и насоките и упатствата на директорот;<br>- Ја координира соработката на директорот со надворешните институции;<br>- врши работи поврзани со иницирање, координирање и реализација како и соработката на претпријатието со надворешни институции;<br>- учествува и организира работилници, тркалезни маси и конференции кои се однесуваат на развојот на претпријатието;<br>- врши работни задачи соодветни на неговото работно место по налог на претпоставениот. |
| Одговара пред | Раководител на одделение за координација , организација и односи со јавноста |

Во глава V  Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 1. Сектор за поддршка на директорот, потточка 1.2. Одделение за план, анализа и статистика работното место под реден број 48 Помлад соработник за план, анализа и статистика во делот број на извршители зборовите „2“ се заменуваат со зборовите „1“; работното место со реден број 49. Помлад референт по статистика во делот број на извршители зборовите „2“ се заменуваат со зборовите „1“

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д Директор

Александар Стојковски